РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ
ТЕХНОЛОГИИ - ОХРИД
Бр. 02-990/2
25.02. 2010 год.
ОХРИД

# ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА ЗА СТУДЕНТИТЕ

## Универзитет за информатички науки и технологии -Охрид



Превод- Тања А. Јовческа

# ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА ЗА СТУДЕНТИТЕ

## 1. ВОВЕД И СОДРЖИНА

1.1 Дисциплинската постапка за студентите обезбедува јасно дефинирана и непристрасна процедура за справување со проблемите на дисциплината или однесувањето на студентите и тоа во разумен рок и во духот на природната правда.

1.2 Универзитетот е обврзан на фер и еднаков третман на сите поединци без разлика на полот, возраста, инвалидноста, бојата, расата, етничката или националната припадност, социјално-економската група, сексуалната определба, брачниот статус, семејните обврски, религиозните или политичките сфаќања.

1.3 Како членови на заедницата на Универзитетот, сите студенти се очекува да се однесуваат со должно внимание заради неговото добро име и углед. Тие се обврзани во секое време да се придржуваат на универзитетските правила, прописи, полиси, процедури и кодекси на практика, вклучувајќи ги и оние што се однесуваат на библиотеката, сместувањето и Студентскиот парламент.

1.4 Оваа Дисциплинска постапка не се однесува на одлуките за повлекување на студенти од причини на академски неуспех. Таквите прашање ќе бидат во надлежност на Универзитетскиот сенат, а жалбите против нивните одлуки ќе бидат решавани во согласност со важечките постапки за академски жалби.

1.5 Заради избегнување на двојно водење на постапка за ист прекршок, откако ќе започне дисциплинската постапка против студент во согласност со овие правила, против него не може да се поведе друга дисциплинска постапка под други правила и прописи на Универзитетот, за истиот наводен прекршок.

1.6 Универзитетот ќе настојува да дава совети и упатства за подобрување на поведението и однесувањето пред започнување на Дисциплинската постапка за студентите.

1.7 Помали прекршоци на студентската дисциплина, доколку е можно и соодветно, ќе бидат санкционирани со неформална усна опомена од страна на кој било член на универзитетскиот колектив.

1.6 Упатувањата во Дисциплинската постапка на кој било вработен претставник на Универзитетот ќе го вклучуваат и неговиот или нејзиниот соодветно именуван кандидат.

## 2. КРШЕЊЕ НА ПРАВИЛАТА

2.1 На секој студент кој студира или е регистриран на Универзитетот ќе му биде изречена дисциплинска мерка доколку се утврди дека тој/таа е виновен за кршење на правилата. Суштината на кршењето на правилата во смисла на оваа регулатива е:

a) Несоодветно мешање во функционирањето или во активностите на Универзитетот или на оние кои работат или студираат во него;
b) Дејство кое на кој било друг начин му наштетува на Универзитетот или неговиот углед.

2.2 Следните примери особено ќе значат кршење на правилата, без оглед дали се извршени во просториите на Универзитетот или на друго место:

a) Секое однесување што претставува кривично дело;
b) Нарушување или несоодветно мешање во академските, административните, спортските, социјалните или други активности на Универзитетот;
c) Попречување или несоодветно мешање во функциите, задачите или активностите на било кој студент или член на колективот на Универзитетот или на било кој посетител на Универзитетот;
d) Насилно, непристојно, неуредно, заканувачко, вознемирувачко или навредливо однесување или речник;
e) Сексуално, расно или секое друго малтретирање на кој било студент или член на колективот на Универзитетот или на кој било посетител на Универзитетот;
f) Измама, лага, залажување или нечесност во врска со Универзитетот или неговите вработени, студенти или посетители;
g) Повторени или тешки академски прекршоци, вклучувајќи мамење или плагијатство во академските предавања или испити (ваквите прекршоци ќе бидат водени во согласност со процедурите на Комисијата за академска чесност);
h) Кражба, злоупотреба или несоодветно користење на имотот на Универзитетот, или на имотот на вработените во Универзитетот, студентите или посетителите, направени со намера или со крајно невнимание;
i) Злоупотреба или неовластено користење на просториите на Универзитетот;

j) Штета на имотот на Универзитетот или на имотот на вработените во Универзитетот, студентите или посетителите, направена со намера или со крајно невнимание;
k) Дејство кое е очигледно дека ќе предизвика повреда или ќе ја наруши безбедноста на просториите на Универзитетот;
l) Непочитување на правата на другите за слобода на убедувањата и слобода на говорот;
m) Кршење на одредбите на кое било правило, пропис, политика, постапка или кодекс на практика на Универзитетот;
n) Одбивање на давање лични информации на член на колективот на Универзитетот во случаи во кои е логично барање и давање на такви информации;

## 3. КРШЕЊЕ НА ПРАВИЛАТА КОЕ ПРЕТСТАВУВА И КРИВИЧНО ДЕЛО

3.1 Следните постапки ќе се применуваат во случаи кога има сомневање за кршење на правилата и истите се пријавени кај Одговорен за ЕКТС и кршењето на правилата, ако биде докажано, претставува и кривично дело според кривичниот законик. Сериозен прекршок е оној кој може веднаш да повлече итна притворска казна доколку се докаже пред кривичен суд или оној што може да се третира како кривично дело.

3.2 Во оние случаи на кршење на правилата во кои Одговорен за ЕКТС не наоѓа елементи на сериозен прекршок, постапката ќе се води интерно. Доколку прекршокот е пријавен во полиција, Одговорн за ЕКТС има право да донесе одлука и да ја одложи постапката сè додека полицијата и судовите не ја завршат нивната постапка.

3.3 Во оние случаи каде што Одговорен за ЕКТС наоѓа елементи на сериозен прекршок, нема да се преземаат интерни постапки освен суспендирање од Универзитетот, додека случајот не се пријави во полиција и не се комплетираат потребните дејства во кривичната постапка, или додека полицијата не се изјасни дека нема против за настанот да се води постапка пред Универзитетот.

3.4 Вообичаено, Универзитетот ќе го пријави во полиција сомневањето за секое сторено кривично дело. Сепак, доколку лицето тврди дека е жртва на кривично дело сторено од страна на студент, но не сака мешање на полицијата, Одговорниот за ЕКТС може да се согласи случајот да не се пријавува. Во вакви околности, Универзитетот нема да поведува интерна постапка за дисциплинска одговорност за прекршокот иако во други случаи би презел дисциплински мерки за исти случаи.

3.5 Секогаш кога има случај на кршење на правилата според овие прописи, а во исто време студентот е осуден од кривичен суд во врска со кршењето на правилата, казната одредена од кривичниот суд ќе биде земена предвид при одредувањето на казната во согласност со овие прописи.

## 4. АКТИВНОСТИ ДО ЗАКАЖУВАЊЕ НА РАСПРАВА

4.1 Студент кој е предмет на обвинение за кршење на правилата или на кривична постапка, може да биде суспендиран од страна на Одговорниот за ЕКТС до одржувањето на расправата за дисциплинската мерка и/или до завршувањето на кривичната постапка. Секое вакво суспендирање ќе биде пријавено кај Ректорот на Универзитетот.

4.2 На студентот кој што е суспендиран може во целост или делумно да му се забрани влез во просториите на Универзитетот и учество во универзитетските активности, вклучително и членствата во која било комисија на Универзитетот или во Студентскиот парламент. Суспендирањето може да биде предмет на квалификација, како што е одобрение за полагање на испити. Условите на суспендирањето ќе бидат писмено доставени до студентот. Наредбата за суспендирање може да содржи и барање да му се оневозможи на студентот контакт со именуваното лице или лица.

4.3 Наредбите за суспендирање до одржувањето на расправата за дисциплинската одговорност и/или кривичната постапка ќе се користат само доколку се потребни за заштита на заедницата на Универзитетот или неговите членови, или имотот на заедницата на Универзитетот или неговите членови или заради потреби на прибирање факти за истрагата. Причините за одлуката написмено ќе бидат доставени до студентот.

4.4 Вообичаено ниту еден студент нема да биде суспендиран сè додека на него/нea не му се даде можност да се изјасни пред Одговорниот за ЕКТС лично или написмено, по избор на студентот. Ваквото изјаснување може да биде од страна на самиот студент или од страна на негов/негова пријател или претставник (не во правно својство).

4.5 Во случаи кои се сметаат за итни, особено доколку безбедноста на другите е загрозена, студентот може да биде веднаш суспендиран и пред да му се даде можност за изјаснување. Во ваков случај, на студентот или на неговиот/нејзиниот претставник ќе му се дозволи изјаснување во што е можно покус рок.

4.6 Во секој случај секоја одлука за суспендирање на студентот ќе биде ревидирана по 20 работни дена. Ваквото ревидирање нема да вклучи расправа, туку студентот, лично или преку неговиот или нејзиниот претставник има право да поднесе писмена изјава. Ревидирањето ќе се спроведе од страна на Ректорот.

4.7 Во оние случаи кога Ректорот ќе донесе одлука за започнување на постапка, ревизија ќе изврши друг вработен од кабинетот на Ректорот.

4.8 Покрај ревизијата на започнувањето на постапката, Ректорот ќе изврши ревизија на суспендирањето или исклучувањето по добивањето на доказите за изменети околности, кои можат да влијаат на редот.

4.9 Против одлуката за суспендирање или исклучување студентот има право на жалба до Ректорот.

## 5. ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКАТА ПОСТАПКА

5.1 Дисциплинската постапка може да биде започната од страна на кое било лице кое ќе пријави сомневање за сторен прекршок кајОдговорниот за ЕКТС. Доколку обвиненијата произлегуваат од Одделот за школување/поддршка, одговорност на раководителот на Одделот за школување/поддршка ќе биде да го извести студентот за општата природа на прекршокот како и тоа дека прекршокот е пријавен кај Одговорниот за ЕКТС. Доколку обвиненијата произлегуваат од истражувањата на Академската прекршочна комисија, одговорност на претседателот на комисијата ќе биде да го извести студентот дека сомневањата за прекршокот се пријавени кај Одговниот за ЕКТС.

5.2 Одговорниот за ЕКТС ќе одржи претходен разговор со студентот пред да донесе одлука за преземање на понатамошни дејства. Студентите имаат право да бидат придружувани од пријател или застапник, но не во правно својство. Прелиминарниот разговор ќе се одржи во рок од 5 работни дена од денот на пријавувањето на сомневањето за сторен прекршок.

5.3 По разговорот Одговорниот за ЕКТС може веднаш да ги отфрли обвиненијата доколку заклучи дека нема случај за одговорност на студентот или дека постои друга причина за ваква одлука.

5.4 Одговорниот за ЕКТС може да одлучи да го суспендира студентот од одредени или од сите активности на Универзитетот сè додека не се преземе понатамошна истрага од страна на Универзитетот или полицијата како што е наведено претходно.

## 6. СКРАТЕНА ПОСТАПКА

6.1 Доколку Одговорниот за ЕКТС смета дека е соодветно, и доколку студентот се согласи, случајот може да се реши по скратена постапка без спроведување на постапката пред Дисциплинската комисија. Студентот има право да биде придружуван од пријател или застапник, но не во правно својство.

6.2 Доколку случајот се решава по скратена постапка, Одговорниот за ЕКТС ќе ги земе предвид писмените или усните докази како што тој/таа смета дека е соодветно. Одговорниот за ЕКТС ќе го прогласи студентот за виновен за прекршокот само доколку, врз основа на доказите со кои располага, е уверен/а од соодветниот степен на веројатноста за вина на студентот. Доколку се најде дека постои вина, тој/таа може да изрече која било од казните предвидени во Одделот 8 од оваа Постапка, освен исклучување од Универзитетот.

6.3 На крајот од постапката, Одговорниот за ЕКТС ќе го извести студентот. Во случај да се најде вина, во документот ќе биде забележан прекршокот, ќе биде даден осврт на доказите кои се прибрани, основата за прогласување вина, изречената казна и околностите кои се земени предвид при одлучувањето за казната. Примерок од извештајот ќе биде доставен до раководството на Студенскиот Парламент.

6.4 Против одлуката за постоење вина и која било од изречените казни во скратената постапка може да се изјави жалба во согласност со Одделот 10.

6.5 Доколку Одговорниот за ЕКТС смета дека со случајот не може да се постапува во скратена постапка, или доколку студентот не даде согласност за решавање на случајот во скратена постапка, случајот ќе биде изложен пред Дисциплинската комисија во согласност со постапката определена понатаму во текстот.

## 7. ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА

7.1 Доколку случајот треба да се изложи пред Дисциплинската комисија, Одговорниот за ЕКТС ќе го извести за тоа Претседателот на

Дисциплинската комисија. Претседателот на Дисциплинската комисија ќе ја свика Комисијата и писмено ќе го извести студентот за сомневањата за сторениот прекршок и за понатамошните дејства кои се планирани за преземање во врска со случајот. Доколку има обвиненија за повеќе поврзани прекршоци, Комисијата може, со дискреционо право, да одлучи за сите обвиненија да се расправа на една расправа.

7.2 Дисциплинската комисија ќе се организира веднаш штом е тоа можно, во рок од 10 работни дена по првичното сослушување помеѓу студентот и Одговорниот за ЕКТС. На студентот ќе му биде оставен рок од најмалку 5 работни дена пред расправата на Дисциплинската комисија, освен доколку таа/тој писмено се согласил дека му е доволен и пократок рок.

7.3 Членови на Дисциплинската комисија, кои ги определува Ректорот во консултација со постарите колеги, се еден вработен од Кабинетот на Ректорот како претседател, еден член на академскиот колегиум и претставник на Студентскиот парламент.

7.4 Студентот може да биде придружуван од пријател или застапник, но не во правно својство. Лицето кое ги пријавило обвинувањата кај Одговорниот за ЕКТС (или нивниот претставник) ќе биде присутно за излагање на случајот. Тоа лице може, исто така, да биде придружувано од пријател или застапник, но не во правно својство. Во посебни околности случајот може да биде изложен од страна на пријател или претставник во име на лицето кое треба да го изложи случајот.

7.5 Претседателот ќе го замоли лицето кое го изложува случајот да ги истакне обвинението(јата) во целост пред почетокот на расправата. Примерок ќе се испрати до студентот најмалку 10 дена пред почетокот на расправата.

7.6 Излагачот на случајот и студентот може да повикаат сведоци.

7.7 Претседателот може, исто така, да повика сведоци како поткрепа на обвиненијата пред одржувањето на расправата. Доколку се потребни такви изјави потребно е да се поднесат до Претседателот најмалку 5 работни дена пред расправата за обвиненијата. Ваквите изјави ќе бидат доставени до сите страни пред расправата.

7.8 Редоследот на постапката ќе биде следниот:

a) Претставување на присутните;
b) Обвиненијата за прекршокот ќе бидат изложени од страна на излагачот на случајот;

c) Студентот или неговиот/нејзиниот претставник ќе даде одговор на обвиненијата;
d) Комисијата ќе има можност да ги распраша излагачот на случајот и студентот;
e) Секоја од страните може да повика сведоци кои ќе присуствуваат само за излагање на нивните искази и за одговарање на какви било прашања кои преку Претседателот можат да им ги постават Комисијата или спротивната страна. Штом ќе се сослушаат нивните искази и нема повеќе прашања, од сведоците ќе биде побарано да се повлечат;
f) Излагачот на случајот ќе ги сумира обвиненијата. Не е дозволено презентирање на нови докази во тој момент;
g) Студентот ќе сумира. Не е дозволено презентирање на нови докази во тој момент;
h) Излагачот на случајот и студентот ќе се повлечат додека Комисијата ја донесе својата одлука на затворено заседание.

Редоследот може да биде изменет по одлука на Претседателот.

7.9 Вообичаено од сведоците ќе се бара присуство заради лично давање на исказ. Комисијата може да прифати писмена изјава од сведокот доколку студентот се согласи сведокот да не присуствува или доколку е непрактично сведокот да биде присутен или доколку по мислење на Комисијата од други причини тоа е во интерес на правдата.

7.10 Комисијата може да определи временско ограничување на усните обраќања и поднесоци.

7.11 Комисијата ќе работи само врз основа на изложените докази во текот на расправата или писмено поднесените пред неа.

7.12 Комисијата може да побара преземање дополнителни испитувања и може да повика да присуствуваат дополнителни сведоци. Доколку двајца или повеќе студенти се вклучени во поврзани обвиненија за прекршок, Комисијата може да одлучи за нивните случаи да се постапува заеднички.

7.13 По одлука на Комисијата, постапката во прв степен може да биде одложена во рок од најмногу 20 работни дена, за што соодветно се продолжуваат и наодите и одлуките.

7.14 Комисијата ќе го прогласи студентот виновен за прекршок само доколку, врз основа на доказите изложени пред неа, е уверена од соодветниот

степен на веројатност за вина на студентот. Доколку членовите на Комисијата не можат да се согласат, пресудата на Комисијата ќе биде донесена од мнозинството на нејзините членови.

7.15 Доколку е можно, одлуката на Дисциплинската комисија ќе му биде усно изложена на студентот и на излагачот на случајот во рок од еден час по затворањето на расправата заради разгледување на доказите. Доколку ова не е можно, одлуката на Дисциплинската комисија ќе им биде писмено соопштена на сите страни, вообичаено во рок од 5 работни дена. Сите усни излагања во врска со одлуката на Дисциплинската комисија ќе бидат писмено потврдени, вообичаено во рок од 5 работни дена.

7.16 Со исклучок на одлуката, сите постапки на Комисијата ќе останат доверливи, освен со согласност од студентот.

## 8. КАЗНИ

8.1 Доколку студентот е прогласен за виновен по обвиненијата за прекршок, казна може да изрече Ректорот во случаите водени по скратена постапка, или Дисциплинската комисија во другите случаи. Казните се определени понатаму во текстот. Студентот може да не биде исклучен по обвинението расправано во скратена постапка. Студентот или нејзиниот или неговиот претставник имаат право да побараат ублажување пред изрекувањето на казната.

8.2 Кога се определуваат казните, во предвид ќе се има сериозноста на прекршокот, околностите на прекршокот, и средствата и општите лични околности на студентот.

8.3 Казни кои можат да се изречат се една, или комбинација од следните:

a) Прва писмена опомена. Во неа ќе се дадат деталите на жалбата, очекуваните подобрувања и временската динамика. Во неа ќе се предупреди дека ќе се поведе понатамошна дисциплинска постапка доколку нема задоволителен напредок. Исто така ќе се даде поука за правото на жалба. Примерок од писменото предупредување ќе биде ставен во досието на студентот, но ќе биде отстранет од него и нема да се зема предвид за дисциплински постапки по период од 12 месеци, врз основа на нивото на задоволителното однесување и однесувањето во текот на овој период;

b) Последна писмена опомена. Истата ќе биде издадена доколку подобрувањето и однесувањето остануваат незадоволителни или

доколку прекршокот е доволно сериозен да дозволи само една писмена опомена, но не е доволен да оправда исклучување. Последното писмено предупредување ќе содржи детали за обвинението, ќе предупреди дека ќе следи исклучување доколку нема задоволителен напредок и ќе содржи поука за правото на жалба. Примерок од последната писмена опомена ќе биде ставен во досието на студентот. Последната писмена опомена ќе биде отстранета од досието и нема да се зема предвид за дисциплински постапки по период од 24 месеци, врз основа на нивото на задоволително однесување и однесување во текот на овој период;

c) Парична казна до максимум 500 евра (сумата може да се плати на рати);
d) Надоместок во разумен износ заради определената и измерената загуба;
e) Извршување на неплатени услуги за Универзитетската заедница во траење од максимум 40 часа;
f) Суспендирање од Универзитетот за определен временски период, до максимум дванаесет месеци. На студентот кој е суспендиран му е забрането влегување во просториите на Универзитетот и учество во универзитетските активности. Суспендирањето може да е предмет на квалифицирање, како на пример одобрение за полагање на испити. Условите на суспендирањето ќе бидат писмено доставени до студентот. Наредбата за суспендирање може да вклучува барање студентот да нема контакти со именувано лице или лица;
g) Исклучување од доделување диплома или друга академска награда. Ова може да биде трајно или за определен период и може да биде целосно или предмет на исполнување на одредени барања. Оваа казна единствено ќе биде изрекувана во случаи кога прекршокот е во врска со испити или друг вид работа која е предмет на оценување;
h) Исклучување од Универзитетот, што значи дека студентот престанува да биде член на Универзитетот и ги губи сите права и привилегии од членството.

## 9. БОЛЕСТ

9.1 Доколку оние кои одлучуваат по обвинението за прекршок утврдат дека студентот за кого тоа се однесува е болен, постапката може да биде одложена заради подготвување на медицински извештај.

9.2 Доколку постои медицински доказ дека студентот боледува, оние кои постапуваат во случајот, доколку сметаат дека е соодветно, можат да ја одложат или прекинат постапката. Може да се постави како услов за

одлагање или прекинување на постапката доколку на студентот му е потребна соодветна поддршка и/или третман.

## 10. ФАЗА НА ЖАЛБА

10.1 Студентот може да изјави жалба против одлуката дека е виновен или против казната изречена по утврдената вина. Жалбата мора да е писмено доставена до Ректорот во рок од 10 работни дена од приемот на писмената потврда од одлуката на Дисциплинската комисија и мора да ги содржи основите на кои се темели.

10.2 По правило повторување на расправата не може да има, освен во посебни случаи. Ректорот може да ја измени изреката за вина доколку смета дека тоа е правично. Поточно, изреката може да биде изменета доколку тоа произлегува од нови докази; или доколку се утврди дека расправата не била водена правично; или доколку изрекувањето на вина не произлегува од наодите на фактите. Студентот по свој избор може да ја истакне жалбата лично или во писмена форма и може да биде придружуван од пријател или застапник, но не во правно својство.

10.3 Претседателот на Дисциплинската комисија е исто така овластен да поднесе писмен или устен поднесок до Ректорот.

10.4 Ректорот, врз основа на околностите на случајот, и средствата и општите лични околности на студентот, ќе земе предвид дали изречената казна е фер и разумна и може да изрече помала или поголема казна.

10.5 Доколку е изјавена жалба против одлука на Дисциплинската комисија за суспендирање или исклучување на студент, Претседателот на Дисциплинската комисија има право да го одложи отстранувањето или исклучувањето до одлуката по жалбата.

10.6 Ректорот има право да повикува сведоци и да ги испита кои било докази кои се предмет на жалбата.

10.7 Ректорот ќе ја разгледа одлуката и за неа писмено ќе го извести жалителот, но не е обврзан да му ги образложува причините за неа на

студентот. Одлуката на Ректорот е конечна и понатамошни жалби во рамките на Универзитетот не се дозволени.